Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности – Опис | Активности – Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Седмица 4**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Ја разбира еднаквоста на децимален број со една децимала** | | **Одделение: IV** | |
| 5 мин. | Подредува и споредува дропки и мешани броеви на бројна низа. | Може да споредува и подредува две или повеќе дропки. | Активности за вовед: Кажете дропка, пр. $\frac{2}{4}$. Побарајте од учениците да запишат дропка еднаква на дадената во нивните тетратки. Дискутирајте за различните предлози. | З<br>Вербален - дијалошки метод | Кругови од тенок картон во различни бои<br>Карти со дропки | Прашања<br>Одговори<br><br>Набљудување |
| 25 мин. | Препознава еднаквост помеѓу дропките: $\frac{1}{2}$, $\frac{4}{8}$ и $\frac{5}{10}$; $\frac{1}{4}$ и $\frac{2}{8}$; $\frac{1}{5}$ и $\frac{2}{10}$. | Може да ги подреди дропките користејќи еднаквост. | • Играјте игри за еднаквост на дропки, пр. домино, игри со совпаѓање на карти или виртуелни игри како што се оние на<br>http://www.mathplayground.com/Triplets/Triplets_IWB.html<br>http://www.freewebs.com/weddell/equivalent.swf | П<br><br>Вербален - дијалошки метод<br><br>Техника: Чекање | Карти со прикажани дропки (карти со дропки може да преземете од http://files.havefunteaching.com/flash-cards/math/fraction-flashcards.pdf) | Прашања<br>Одговори<br>Решение<br>Групирање<br><br>Дискусија |
| 10 мин. | Усно и писмено го образложува начинот на решавање и размислување; поставува хипотези (претпоставки) и ги проверува. | Може да го образложи начинот на решавање и размислување.<br>Може да постави хипотеза и да ја провери. | Анализа на решените задачи. Учениците го објаснуваат начинот на размислување и решавање. | С | Учебник | Прашања<br>Одговори<br>Решение |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Воведна активност, најава на целта на часот.<br>Заедничка работа, работа во групи/парови, самостојна. | | | | | Еднаков, исто како, еднакво, модел, еднакво на. | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица 4**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Делење со десет децимален број** | | **Одделение: IV** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 15 мин. | Ја разбира еднаквоста на децимален број со една децимала, со дропка со именител 10. | Можам да го разберам поимот еквивалентност како еднаквост. | Активности за загревање: Наставникот организира активности со картички со децимални броеви со една децимала, карти со дропка со именител 10 и мрежи со обоени делови од форми и необоени форми.<br>Учениците имаат задача да ги подредат формите според обоениот дел и покрај нив да ги ставаат соодветните картички со децимални броеви и дропки.<br>Втора активност. Учениците работат во пар, користејќи коцки и празни форми. Еден ученик ја фрла коцката и според добиениот запис другиот ученик бои соодветен дел на празната форма. | З<br>Г<br>П | Карти со децимални броеви со една децимала<br>Карти со дропки со именител 10<br>Коцка на која се запишани $\frac{1}{10}$; 0,1; $\frac{2}{10}$; 0,2; $\frac{5}{10}$; 0,5. | |
| 20 мин. | Ја разбира еднаквоста на децимален број со една децимала, со дропка со именител 10. | Можам да ја разберам еднаквоста на децимален број со една децимала со дропка со именител 10. | Наставникот ја открива целта на часот - денес ќе решавате задачи со дропки со именител 10 и децимални броеви со една децимала. Наставникот дели работен лист на учениците, дава напатствија за работа и поддршка на учениците кои имаат потреба од истата. Учениците самостојно работат на задачите во работниот лист. Наставникот ги поттикнува учениците да ја образложат својата стратегија на решавање. | И | Работен лист | |
| 5 мин. | Усно и писмено го образложува начинот на решавање и размислување; поставува хипотези (претпоставки) и ги проверува. | Можам да го образложам начинот на решавање и размислување; поставува хипотези (претпоставки) и да ги проверам. | За крај следи дискусија, учениците усно го образложуваат начинот на решавање и размислување. | З | | |

| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Загревање: Учениците заеднички се ангажирани со активности за разбирање на еднаквоста на децимален број со една децимала, со дропка со именител 10.<br>Во главнот дел учениците се ангажираат индивидуално во решавање задачи со децимален број со една децимала и дропки со именител 10.<br>Завршни активности: Организација на целото одделение – да се образложи начинот на решавање на задачите. | Домашна работа: Задачи од наставникот. Сами да изберат форма, поделена на десет еднакви делови, да го прикажат секој нејзин дел со боење на деловите и со запис (дропка со именител 10 и децимален број) под секоја форма. | Еднаков, исто како, еднакво, модел, еднакво на, десетти, поделено со десет, $\frac{1}{10}, \frac{2}{10}, \dots \frac{10}{10}$. |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица 4**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Еквивалентност на децимален број со една децимала и именител** | | **Одделение: IV** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br><br><br><br>20 мин<br><br><br><br><br>10 мин. | Ја разбира еднаквоста на децимален број со една децимала со дропка со именител 10.<br><br>Усно и писмено го образложува начинот на решавање и размислување; поставува хипотези (претпоставки) и ги проверува. | Можам да ја разберам еднаквоста на децимален број со една децимала со дропка со именител 10.<br><br>Можам усно и писмено да го образложувам начинот на решавање и размислување; поставувам хипотези (претпоставки) и ги проверувам. | Го резимираме знаењето за делење со 10. Им помагам на учениците да се потсетат дека делењето со 10 прави цифрите во бројот да станат десет пати помали. Што е 34 : 10? Ги прашувам учениците што претставува бројот четири во одоговорот 3,4. Објаснувам дека четири десеттини може да се запишат како $\frac{4}{10}$. Па така, можеме да запишеме: 3,4 = 3 + $\frac{4}{10}$. Повторуваме со други множења.<br>• Учениците решаваат усни или писмени задачи при што разложуваат децимални броеви со една децимала и десетинките ги запишуваат како децимален број и како дропка, пр:<br>52,7 = 50 + 2 + 0,7 = 50 + 2 + $\frac{7}{10}$. | | | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Предвидување<br>Набљудување<br><br>Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br><br>Одговара, гледа, споредува. |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Учениците се поделени на три групи според нивото на знаење. | | | Домашна работа: | | | |

obrazovanie.literatura.mk

Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| Седмица 4<br>Датум: | | | Тема: Број и решавање проблеми<br>Наставна единица: Брзо одредува парови двоцифрени броеви чиј збир е 100 | | Одделение: IV | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 15 мин.<br><br><br><br><br><br>10 мин.<br><br><br><br><br><br><br>15 мин. | Брзо одредува парови двоцифрени броеви чиј збир е 100, на пр:<br>72 + ___ = 100.<br><br>Брзо одредува парови броеви, содржатели на 50 (деливи со 50), чиј збир е 1000, на пр:<br>850 + ____ = 1000.<br><br>Ги проверува резултатите од собирањето со промена на местото на собироците или со одземање на еден број од резултатот. | Избира соодветни мисловни или пишани стратегии за пресметување кои вклучуваат собирање или одземање. | Табела 100 ја истакнуваме на еден дел од таблата. Покриваме дел од табелата (ги покриваме броевите до 72) и ги прашувам учениците: Уште колку квадратчиња се останати за да се добие 100?<br>Разговараме за стратегијата уште колку единици има до полна десетка, а потоа и уште колку единици има за да се добие 100.<br>Повторуваме уште неколку примери, а потоа ја тргаме табелата 100. (Напоменуваме дека треба да си ја запомнат табела 100.)<br>62 + = 100 проверка - 62 = 38<br>22 + = 100 проверка - 22 = 78<br>На учениците им обезбедуваме табела со полни десетки до 1000 за да се обезбеди квадрат со полни десетки.<br>Повторуваме со парови броеви во кои се содржи 50 со збир 1000.<br>850 + = 1000, 750 + = 1000.<br>Учениците решаваат во парови напишани задачи со збир 100 и 1000. Како го добивте вашиот одговор? Како би можеле да го проверите вашиот одговор? | Г<br><br><br><br>И<br><br><br>П | | Прашања и одговори<br>Решени задачи<br>Решени задачи<br>Решени задачи |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Работа во парови – решаваат задачи со парови броеви<br>Примена на стекнатите знаења и образложување на решението. | | | За дома: 10 задачи со парови броеви. | | Собира, збир, вкупно, пар, уште колку. | |

obrazovanie.literatura.mk